Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

**Број 04 - 5 / 73**
**Дата: 14.12.2021г., Скопје**

**ЗАПИСНИК**
**од спроведена административна селекција на кандидати по јавен оглас за вработување на финансиски разузнавачи во Управата за финансиско разузнавање**

На ден 14.12.2021 година, Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавачи (во понатамошниот текст: Комисија) формирана од директорот на Управата за финансиско разузнавање со Решение бр. бр. 04-5/72 од 26.11.2021 година, во состав: Петар Ристовски – претстедател, Маја Јованова (член) и Марија Станоеска (член) ја спроведе административната селекција по Јавниот оглас бр.04-5/71(21) од 22.11.2021г. објавен на 25.12.2021г. за вработување на 2 (две лица) во Управата за финансиско разузнавање и тоа :

1. Раководител на Одделение за управување со податоци и
2. Виш разузнавач за мрежно поврзување во Одделението за управување со податоци.

По изминувањето на рокот за поднесување на пријави за вработување по двете огласени работни места, Комисијата на 14.12.2021г. изврши увид во пристигнатите пријави и документацијата во Архивата на Управата за финансиско разузнавање по Јавниот оглас бр.04-5/71(21) од 22.11.2021г., при што констатираше дека во Архивата има пристигнато четири пријави за вработување на следните кандидати и тоа:

А) Даниела Поповска Мешковски (за раководител на одделение),
Б) Стефан Димовски (за раководител на одделение),
В) Стефан Димовски (за виш разузнавач) и
Г) Боби Цветаноски (за виш разузнавач).

А) Комисијата ја разгледа Пријавата и поднесената документација на Даниела Поповска Мешковски (за раководител на одделение) и донесе заклучок дека кандидатката Даниела Поповска Мешковски не ја помина административната селекција и нејзината Пријава СЕ ОДБИВА, поради не исполнување на посебните услови и тоа:

-да има VI А степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и тоа:

- Компјутерска техника и информатика или Електротехника или Правни науки.

Имено во врска со горенаведеното кандидатката Даниела Поповска Мешковски има приложено кон пријавата Уверение за завршен машински факултет отсек Енергетика и Уверение за завршен факултет за безбедност, што е несоодветна област на образование од бараната во горенаведениот посебен услов од Јавниот Оглас.

Б) Комисијата ја разгледа Пријавата и поднесената документација на Стефан Димовски (за раководител на одделение) и донесе заклучок дека кандидатот Стефан Димовски не ја помина административната селекција и неговата Пријава СЕ ОДБИВА, поради не исполнување на посебниот услов и тоа:

-најмалку 5(пет) години работно искуство во струката.

Имено во врска со горенаведеното кандидатот Стефан Димовски има приложено кон пријавата Уверение за дипломиран правник со кој стручен назив се стекнал на 17.11.2020г. што се гледа од приложеното Уверение Бр.09-12/99 од 18.11.2020г..Ако се има предвид дека денеска е 14.12.2021г. со едноставна математичка пресметка се добива дека кандидатот Стефан Димовски има 1 (една) година и 27 (денови) работно искуство во струката што е недоволно на бараното во горенаведениот посебен услов од Јавниот Оглас.

В) Комисијата ја разгледа Пријавата и поднесената документација на Стефан Димовски (за виш разузнавач) и донесе заклучок дека кандидатот Стефан Димовски не ја помина административната селекција и неговата Пријава СЕ ОДБИВА, поради не исполнување на посебниот услов и тоа:

-најмалку 2(две) години работно искуство во струката.

Имено во врска со горенаведеното кандидатот Стефан Димовски има приложено кон пријавата Уверение за дипломиран правник со кој стручен назив се стекна на 17.11.2020г. што се гледа од приложеното Уверение Бр.09-12/99 од 18.11.2020г..Ако се има предвид дека денеска е 14.12.2021г. со едноставна математичка пресметка се добива дека кандидатот Стефан Димовски има 1(една) година и 27(денови) работно

искуство во струката што е недоволно на бараното во горенаведениот посебен услов од Јавниот Оглас.

Г)Комисијата ја разгледа Пријавата и поднесената документација на Боби Цветаноски (за виш разузнавач) и донесе заклучок дека кандидатот Боби Цветаноски не ја помина административната селекција и неговата Пријава СЕ ОДБИВА, поради не исполнување на посебните услови и тоа:

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски),

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- најмалку 2(две) години работно искуство во струката.

Имено во врска со горенаведеното кандидатот Боби Цветаноски не достави документи кон Пријавата за бараните три посебни услови од Јавниот Оглас

**На крај од работниот состанок Комисијата едногласно констатира дека ниту еден од пријавените кандидати не ја помина фазата на административна селекција по Јавниот оглас бр.04-5/71(21) од 22.11.2021г. објавен на 25.12.2021г. за вработување на 2(две лица) во Управата за финансиско разузнавање.**

**Петар Ристовски (претстедател)** ____________________
**Маја Јованова (член)** ____________________
**Марија Станоеска (член)** ____________________